Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 1 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија бр.96/18) на седницата одржана на ден 31.07.2018 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИН И УСЛОВИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ТАРИФИ ЗА ПРЕНОС, УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА ПРЕНОС И ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС

### Член 1

(1) Во Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас (Службен весник на Република Македонија бр. 201/16 и 87/17), во член 3 став 3 се менува и гласи:

"На носителите на лиценци за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија за потрошените количини во период од 1.08.2018 до 15.10. 2018 година, операторот на системот за пренос на природен гас може да ги намали тарифите за вршење на дејностите пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас до 50% од определените со соодветната Одлука за 2018 година."

### Член 2

(1) Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр.01-1525/1**
**31.07.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**